Од наведеното произлегува дека во зимниот период при ниски температури корисниците заради заштита од замрзнување ги отвараат славините кои се (најчесто) надвор, а истите се нелегални, а во летниот период заради наводнувањето, со напомена дека само во текот на месец септември 2009 година од службите за контрола откриени се 15 такви случаи.

**Технички загуби**

Постојат различни методи за намалување на техничка загуба, но во основа може да се групираат на две групи:

1. Пасивна метода
2. Активна метода

1. **Пасивната метода** има за цел моментално лоцирање на визуелните и оние дефекти чие присуство според одредени показатели од теренот е можно да се одреди. Овој метод обично се нарекува “хаотичен” затоа што не сме во можност да ја одредиме големината на дефектот ниту времето на неговото настанување.

Во нашиот водоводен систем се користи единствено пасивната метода, иако оваа метода економски е неоправдана за системите како што е нашиот-количина на вода на граница на доволно, дистибуцијата на сировата вода исклучиво со пумпање и дистрибуцијата на прочистената вода е комбинирана (околу 15% е со пумпање, а остатокот гравитационо.

2. **Активна метода** или квантитативна односно добро воспоставе-ната политика на активна контрола на загуби на вода овозможува трошоците кои настануваат при лоцирање на дефектите да се надминат со вредноста на заштедената вода. Оваа контрола се препорачува онаму каде производните трошоци се високи, оскудни или лимитирани извори за вода.

Активната метода подразбира мерење на една од најважните физички величини - проток. Инсталирањето на мерачи на проток на сите ниво во еден водоснабдителен систем е неопходно за пресметување на компонентите на билансот на потрошувачката на вода.

**2.1. Мерачи на проток**

Изборот на мерната техника за мерење на проток на вода во водоводниот систем е комплексна инжинерска работа и е условена од специфичностите на дистрибутивниот систем.

Мерачите на проток можат да се поделат на:

2.1.1. Привремени мерачи на проток

2.1.2. Постојани мерачи на проток

***3. Локација на загубите на вода***

Локацијата на загубите на вода во водоводните системи е многу важна од аспект на истражување и планирање на одредена реконструкција. Од вкупните загуби на вода во системите, преку соодветна анализа утврдено е дека околу 35% отпаѓаат на секундарната (дистрибутивна) водоводна мрежа на населените места, околу 8% на главните магистрални цевоводи, а околу 28% на приклучни цевки, 3% во резервоарите и опрема во пумпните станици, 11% на арматурите (затварачи и хидранти) и 15% на куќните инсталации.




Според горенаведеното може да се заклучи дека најголем број на загуби се јавуваат во секундарната дистрибутивната мрежа (35%-цевовод, 28%-приклучни цевки, 11%-арматури) или вкупно 74%.

Земајќи ја предвид староста, несоодветен профил, реакциите на гра-ѓаните за неквалитетно водоснабдување, присуството на манган оксидот на зидовите на цевките, непостоење на услови на обезбедување на против пожарна заштита на подрачјето на град Штип, бројот на дефектите кој во последните години е драстично зголемен од горенаведените причини потребно е преземање на следниве активности:

- Комплетна реконструкција на дел од секундарната дистрибутивната мрежа: (цевовод, приклучоци до водомерната шахта и арматурите) во должина од околу 25км. (без приклучоци) или (околу 1/4 од постоечката) водоводната мрежа на разни локации во градот.
- Со цел да се обезбедат услови за подобра контрола на евентуално диви приклучоци, да се елиминира незаинтересираноста на граѓаните за поправка на дефектите, бидејќи

течењата пред водомерите не се мерат, а да се намалат трошоците при оддржување што е дел од законска обврска на ЈП „Исар“ посебно во делот каде се работи за уредени дворови, водомерните шахти на сите приклучоци треба да се постават (ако за тоа има потреба) на 1 до 2м во имотот (дворот) на корисникот на услугата.

**3.1. Причини кои доведуваат до појава на дефекти**

Најчести причини за појава на дефекти се:

- **Корозија на цевка**
- **Висок работен притосок**
- **Осилации на протисокот**
- **Старост на цевките**
- **Неквалитетна изолација**
- **Неквалитетно изведување на работите**
- **Работа на пат, ископ за друг вид на инфраструктура**
- **Дефект на цевки**
- **Оштетување на спојници**
- **Неадекватен избор на видот на материјалот за цевките и друго.**

Водоводот на град Штип е стар скоро 50 години. Системот не е унифициран и не е соодветен што значи истиот е изграден од различни типови на материјали, (азбест цементни, поцинковани, мал процент на ливени, ПВЦ, ПЕ цевки). Во некој УЗ (на пр. населба “Пребег”) и водоводни линии (на пр. ул. “Пиринска”) каде се вградени несоодветен тип на цевки, односно 6 бара.

**3.2. Зависност на загубата на вода од работниот притисок во цевката**

Количината на водата која истекува од местото на дефект зависи од големината на отворот (дефект) и од работниот притисок (5атм) на пример:

| отвор | л/загуба | $м^3$/загуба | $м^3$/загуба | $м^3$/загуба |
|---|---|---|---|---|
| мм | час | ден | месец | година |
| 0.5 | 20 | 0.48 | 14.4 | 173 |
| 3.0 | 490 | 11.75 | 351 | 4212 |
| 5.0 | 1340 | 32 | 960 | 11520 |
| 7.0 | 2360 | 56.8 | 1700 | 20400 |

Табела 2

**3.4. Притисок-неговото фундаметално влијание на количината на загуба на вода**

Анализирајќи го факторот - притисок во водоводната мрежа, може да се заклучи дека проблемот од аспект на намалување на загубата на вода е најповолно решен со оддржување на минималниот дозволен притисок во согласност со меѓународната најдобра пракса.

Загубите се пропорционално сразмерни со големината на притисокот што го покажува следната табела:

| **Притисок во бар** | **10** | **9** | **8** | **7** | **6** | **5** | **4** | **3** | **2** | **1** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Количина на истечена вода, во % во однос на онаа при 5 бар** | **141** | **134** | **127** | **118** | **110** | **100** | **89** | **77** | **68** | **45** |

Табела 3.

Овој преглед на количината на изгубена вода укажува дека при притисок поголем од 5 атм (усвоен нормален притисок), во споредба со поголемите притисоци, загубите се поголеми. Испитувањата покажале дека зголемувањето на притисокот за 1 атм доведува до зголемување на потрошувачката за околу 5-10%, односно нерационалната потрошувачка се зголемува.

Значи во повеќето земји, значењето од оддржување на работниот притисок на мининмално дозволеното ниво, односно разбирањето на релација меѓу притисокот и загубата на вода, е широко прифатено како **фундаментална стратегија во намалување на загубата на вода во водоводниот систем**. Во развиените земји, се предвидува минимален стандард на услуга за притисок од околу 20 метри во секое време. Но кај земјите во развој, се применува понизок стандард на услуга за притисок.

Притисокот нема влијание само на изгубената вода од дефектите, туку има силно влијание и на фрекфекција на појава на нови дефекти. Испитувањата во Велика Британија укажуваат дека дуплирање на притисокот предизвикува осмократна зголемување на настанување на дефекти. Значи, за намалување на френфекцијата на настанување на дефекти, потребно е постојано оддржување на **притисокот на одредено ниво, без големи варијации**.

Како правило за минимум пружена услуга ќе се смета 2 бара на највисоката точка во Зоната на потрошувачката при максимална побарувачка. Но со оглед на конфигурацијата на теренот онаму каде не е можно (подрачја со една или две висококатници) тоа да се постигне треба да се изградат потребни објекти и инсталации, за обезбедување на доволен притисок на висококатниците, а намалување на притисок на зоната на потрошувачка.

Максималниот статички притисок во водоводната мрежа во градот Штип изнесува 12.5 бара (мост на детска градинка "Астибо" и мост кај бањата "Кежовица").

Како едно поголемите и посложените активности ќе биде изработ-ката на **План за распоред на регулатори на притисок, а истиот да биде во согласност со најдобра пракса**.

### *4. Мониторинг на загуби на вода во водоводниот систем*

5.1. Дефинирање на зони и подзони на потрошувачка

Како најефикасен метод за контрола на загубите во еден водоводен систем е негова реорганизација, и тоа во поглед на неговата поделба на повеќе зони на потрошувачка. Препорачливо е зоните да се напојуваат само од една старна, но тоа не е секогаш можно.

Предности:

- зоните во мрежата се помали, полесно се управува со нив
- примената на активна контрола на загубата на вода е полесна
- местата на истекување се идендификуваат побрзо врз основа на мониторингот на минималниот нокен проток
- времето на поправка на дефектите е многу пократко
- подобра оптимизација на притисокот
- финасиски заштеди

Недостатоци:

При формирање на зоната на потрошувачка може да се наиде на помали проблеми:

- можни проблеми со квалитетот на водата поврзани со слепи завршетоци
- потенцијални жалби од потрошувачите поради оптимизација на притисокот на водата.

Концептот за ЗП е со универзална примена, независно од географ-ската положба или големината на дистрибутивната мрежа и "ефектите од имплементацијата на ЗП не резултира со ништо друго освен со успех" или "примената на (ЗП) е клучна компонента од активностите за намалување на нефатурирана вода и на нејзинато оддржување мора да се гледа како на долгорочна обврска".

Добро воспоставената мрежа на зони на потрошувачка и контролни водомери основа е на секој успешен систем за намалување на загубите на вода. Се добива глобална слика за вкупната состојба на системот, а анализирајќи ја потрошувачката, зона по зона, претежно во нокни услови кога легалната потрошувачка е релативно мала, се идентифицираат зоните со неприфатливо висока потрошувачка, а потоа се превзема соодветна акција за лоцирање на причините за зголемената потрошувачка.

Зоната на потрошувачка е дефенирана како една зона од водоводната мрежа која има во идеален случај (според расположивата литература) околу 2000 приклучоци. Од наведеното произлегува дека нашиот град треба да се подели на 6-7 зони. Но земајќи ја во предвид постоечката водоводната мрежа, конфигурацијата на теренот поделбата на градот планирано е да биде на 15-20 зони. За формирањето на зоните и подзоните ќе се изработи посебен **План за формирање на зони и подзони**.

## *5. Методологија за систематска редукција на загубите на вода*

Намалувањето на загубите на вода можно е да се оствари со низа на мерки кои мораат да бидат систематски и долгорочни:

- Вградување мерачи на проток и притисок на сите производни постројки и пумпни станици со што би се добила реална слика за произведената вода и би се овозможило следење на ефектите од сите превземени дополнителни мерки подоле набројани.
- Поделбата на дистрибутивниот систем на повеке зони на потрошу-вачка кои се напојуваат од лимитиран број на главни линии на кои се инсталирани мерачи на проток.
- Да се извршат неопходни измени во постојниот водоводен систем (преповрзување на цевките, поставување на нови цевки и др).
- Секоја зона на потрошувачка да се оспособи да функционира како посебна целина.
- За секоја зона на потрошувачка да се мери со соодветни инструменти дотокот, трансверот и складираните количини вода.
- Да се анализира функционирањето на системот во целина и посебно на зоните на потрошувачка со примена на математички модел.
- Намалување на работниот притисок во мрежата онаму каде е возможно со инсталирање на редуктори на притисок.
- Да се анализира потрошувачката на вода и снимат дневните дијаграми кај значајните потрошувачи.
- Планска и систематска активност на наслушнување на водоводната мрежа, односно на откривање на дефектите применувајки соодветна опрема.
- Постојана модернизација на мерната опрема и опремата за лоцирање на дефектите.
- Поправка на пријавените и откриените дефекти во најкраток можен рок.
- Перманентен визуелен преглед на водоводната мрежа.
- Контрола на потрошувачите со цел утврдување на нелегални приклучоци и мрежа.
- Редовна контрола на исправноста и поправка на водомерите кај потрошувачите и по можност нивно почесто читање.
- Формирање на дадотека на дефектите и на основа на тоа планирање на поправките и реконструкцијата на одредени делови од мрежата.
- Средување и ажурирање на техничката документација и воведување на ГИС како би се достигнало ниво кое обезбедува побрзи интервенции и намалување на празниот од на екипата за лоцирање на дефектите.
- Перманентно техничко усовршување на персона лот кој се занимава со мерење и лоцирање на дефектите преставува неопходна мерка и трајна задача.

- Утврдување на оптимумот на ангажираните човечки ресурси и мерно-детекторска техника во однос на заштедите кои се добиваат од таква контрола на загубите на вода.
- Утврдување на економската цена на водата. Поради тоа мора да се најде начин и да се дефинира рок во кој цената би се довела на реално економско ниво.
- Штедење на водата како кај водоводното претпријатие така и кај потрошувачите би дало задоволителни ефекти. Многу е важно потрошувачите да се заинтересираат низ една маркетиншка активност и едукација како да ја штедат водата со што би го сочувале својот буџет и истовремено би се заштедиле водните ресурси.

Очигледно е дека цената на имплементирање на предходно посоче-ните мерки мора да биде многу висока, а освен тоа треба да се имаат во предвид потешкотиите при набавка на опремата, нејзиното инсталирање и одржување. Меѓутоа одлагањето на модернизацијата само ги зголемува накнадните трошоци и проблем. Решението треба да се бара во кратко и долгорочното планирање на низа акции и мерки од која секоја ја подобрува состојбата, а не ги надминува можностите на водоводното претпријатие.

На крајот треба да се напомене дека не постојат чудотворни решенија за контрола на загубата на вода и потврдената техника во светски размери не може универзално да се примени со еднакво ниво на успех, поради различните локални услови.

Како што не постои единствен метод за контрола на загубата на вода во водоводната мрежа кој е економски оправдан и применлив за сите земји и претпријатија.

### *7. Заклучок*

Постојат повеќе начини и методи за контрола и детекција на загубите на вода во водоводната мрежа. Главно, треба да се делува краткорочно и долгорочно. При краткорочен план, внимание се посветува на ургентните интервенции и задржување на дотогашниот имиџ на водоводното претпријатие, додека долгорочните планови подразбираат решенија кои комплетно го решаваат проблемот. Користените методи за редукција на загубите на вода варираат од компанија до компанија, а изборот е особено зависен од локалната состојба, која може да подразбира недостаток од финансиски средства за набавка на соодветна опрема за имплементација на програмата за намалување на загубата на вода.

Во земјите кои имаат високи производни трошоци и оскудни извори на вода, задолжително треба да ја практикуваат активната контрола на загуби на вода што подразбира мониторинг на загубите на вода и имплементација на телеметрискиот систем се со цел за благовремено известување при појава на дефекти.

## ДИНАМИКА НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА<br>ЗА САНАЦИЈА НА ЗАГУБИТЕ НА ВОДА

1. **Модернизација на мерната опрема и опремата за лоцирање на дефектите**

### 1.1 Набавка на опрема за лоцирање на дефекти

РЕ “Водовод и канализација” не располага со опрема за лоцирање на дефекти.

Досега во неколку наврати користени се услуги од други јавни претријатија кои поседуваат ваква опрема (обично при долготрајните дефекти каде загубите на вода се големи).

Опремата која ќе се набави планирано е да покрива повеке типови на цевки односно материјали:

Набавката на опрема за лоцирање на дефекти ќе овозможи:

- да се избегне системот копај тука па малку понатаму
- да се намалат трошоците за градежните работи (на пр. кршење на асфалт, ископ, затрупување, враќање во првобитната состојба на коловозот)

- да се намали времето за откривање на дефектите
- да се намалат загубите на вода
- да се избегнат евентуално дополнителни проблеми со корисниците на услугите.

Проценета вредност на инвестицијата: **300.000,00 денари**.
Реализација: месец **септември 2010 година**.

### 1.2 Постепена замена на постоечките водомери со водомери со далечински отчитување

Согласно Одлуката на Управен одбор на ЈП ”Исар” од крајот на минатата година сите нови приклучувања (домакинства и правни лица) задолжително се изведуваат со водомери со далечинско отчитување.

Во месец **март** инсталиран е софтер за радио отчитување како дел од програмата за воведување на водомери со далечинско отчитување.

Во тек се активности за замена на водомерите кај индустриските капацитети. Испратени се писмени известувања до поголемите индустри-ски потрошувачи за замена на постојните водомери со водомери со далечинско отчитување.

Исто така првземени се активности за намалување на паушалните потрошувачи, па така во месец **март** на сите паушални потрошувачи (50 семејства) од **Реон 1** (Блок 70, Блок 85/91, ул. ”Христијан Карпош”, ул. ”Еврејска”) испратени се писмени известувања. Со граѓаните има соработка и се договара динамиката за реализација на активноста.

Реализација: Во текот на цела година.

### 1.3 . Редовна контрола на исправноста, поправка и баждирање на водомерите кај потрошувачите

Преземање на акции за проверка на исправноста на водомерите, редовноста на читањата и други активности врзани со работата на инкаса-торската служби.
Реализација на активноста: **март-октомври 2010 година**.

Во текот на месец **март** (01.03.-16.03.2010 година) по предходно дефинирање на подрачјето со зголемен број на инкасатори извршена е контрола на подрачјето на левата страна на река Отиња (имаше реакција од страна на граѓаните дека само во рок од 1 месец во три наврати имаше читање на состојбата на водомерите - две вонредни и едно редовно читање). Анализата на податоците покажа дека процентот на загуба на ова подрачје изнесува 48.6%.

Оваа постапка ќе се повтори во месеците **мај и јули 2010 година**.

### 1.4 Вградување мерачи на проток и притисок на сите производни постројки и пумпни станици

Со цел поглобално лоцирање на загубите на вода ќе се вградат водомери на следните објекти:

- пумпна станица - резервоар “Каракуш’
- пумпна станица - Черења
- резервоар Блок 85/91

Реализација: **април, мај 2010 година**.

Проценета вредност: **150.000,00 денари**.

**1.5 Сервисирање и ставање во функција на постојните мерачи на проток**

Ставање во функција на постоечките мерачи на проток се работи за следните локации: месност Црвен дол (3), излез од резервоар - Каракуш (1).
Проценета вредност на инвестицијата: **300.000,00 денари**.
Реализација: **месец јули 2010 година**.

**1.6 . Имплементација на телеметрискиот систем се со цел благовре-мено известување при појава на дефект**.

Воведувањето на СКАДА систем, односно поставување на систем за следење на мерачите на проток од управувачки центар.
Проценета вредност на инвестицијата: **1.000.000,00 денари**.
Реализација: **месец ноември 2010 година**.

2. **Контрола на потрошувачите со цел утврдување на нелегални приклучоци**

Преземање на акции за контрола на поедини реони од градот на домакинства и за прв пат поголема посветеност на правни лица (односот на потрошувачката домакинства - правни лица е 1:3 во корист на домакинствата) за утврдување на нелегални приклучоци.

Со една рутинска контрола е констатирано дека нелегални приклу-чоци постојат и кај правните лица.
Реализација: **април до октомври 2010 година**.

ЈП Исар - Штип
вд Директор

Васко Арсов, с. р.

154.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК
ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКА ПРОГРАМА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНСКИОТ СОЈУЗ
ЗА УЧИЛИШЕН СПОРТ НА ШТИП ЗА 2010 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за донесување на Финансиска програма за активностите на Општинскиот сојуз за училишен спорт.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-1997/2 | Општина Штип
17 април 2010 година | Градоначалник
Ш т и п | д-р Зоран Алексов, с. р.

155.

Врз основа на член 46 и член 21 точка 11 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 14 април 2010 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКА ПРОГРАМА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНСКИОТ СОЈУЗ
ЗА УЧИЛИШЕН СПОРТ НА ШТИП ЗА 2010 ГОДИНА

I

Се донесува Финансиската програма за активностите на Општин-скиот сојуз за училишен спорт на Штип за 2010 година со следните **заклучоци**:

1. Општинскиот сојуз за училишен спорт, во иднина, за секоја наредна година да доставува Финансиска програма за активностите пролет – есен.
2. Да се формира Координативно тело за финансиска контрола на доделените средства од Советот на Општина Штип на Општинскиот сојуз на училишен спорт составено од: еден претставник од Комисијата за образование на Советот на Општина Штип, еден претставник од Комисијата за спорт на Советот на Општина Штип, еден директор од Општинските средни училишта во Општина Штип, еден директор од Општинските основни училишта во Општина Штип и претседателот на Општинскиот сојуз на училишен спорт.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавува-њето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-1997/1 | Совет на Општина Штип
14 април 2010 година | Претседател
Ш т и п | Сузана Николовска, с. р.

156.

ФИНАНСИСКА ПРОГРАМА
ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНСКИОТ СОЈУЗ
ЗА УЧИЛИШЕН СПОРТ НА ШТИП ЗА 2010 ГОДИНА

Оппштинскиот сојуз за училишен спорт на Штип во календарската 2010 година, своите активности и работа ќе ги насочи во неколку правци и тоа: редовни училишни

спортски натревари, како и натпревари кои не се во програмата на Федерацијата на училишен спорт на Македонија.

Во рамките на редовните училишни натпревари кои се во програмата на **Федерацијата за училишен спорт на Македонија**, сојузот во своите спортски екипи од основните и средни училишта во штипскиот регион, ќе учествува и организира училишни спортски натпревари на неколку нивоа и тоа: **Меѓуопштински натпревари** со учество на екипи од **5 основни** со **3 подрачни училишта** како и **6 средни училишта** во регионот Штип и Карбиници. **Зонски–регионални натпревари** со учество на победникот на општинските натпревари. **Регионални финални натпревари** за источен регион и на крај на **државните првенства** во екипните спортови: **мал фудбал**, **кошарка**, **одбојка**, **ракомет** и поединечните спортови: **пинг-понг**, **борење**, **атлетика** и **карате**, во машка и женска конкуренција. Оваа година и натреварувачка сезона, посебно внимание ќе се даде на учеството на училишните екипи на Општина Штип на **Олимпијадата за средни училишта-Гимназијада**, која ќе се одржи во мај 2010 година во Скопје. Во општинските натпревари се опфатени околу 1300 ученици од основните и средните училишта од нашата општина.

Во рамките на овие натпревари и првенства, сојузот односно Штип во 2010 година, ќе биде организатор-домаќин на повеќе зонски и регионални натпревари-турнири, како и организатор на државните првенства во пинг-понг за основни училишта.

Покрај овие редовни училишни спортски натпревари, сојузот ќе организира и натпревари кои не се во редовната натпреварувачка програма на Федерацијата за училишен спорт на Македонија, како што се: Турнир во мал фудбал за просветните работници во основните и средни училишта во штипскиот регион.

Како и многу години претходно и во 2010 година сојузот со свои спортски активности ќе учестувва во општинската програма за прослава на државни и општински празници, кои се под покровителство на градоначалникот и Советот на Општина Штип, како што се следните активности:

- **24 мај–Турнир во мал фудбал** за просветните работници во основните и средни училишта;
- **8 ноември–Ноќни крос трки** низ улиците на Шитп, за учениците од основните и средни училишта, студентите од Универзитетот „Гоце Делчев“ и претставници од АРМ.

Финансиска програма

За реализација на горенаведените активности на Општинскиот сојуз за училишен спорт-Штип во 2010 година, ќе бидат потребни финансиски средства во износ од 199.800 денари, и тоа:

1. **Организирање и учество на регионални (зонски) натпревари ------------------------- -------------------------------------------- 24.600 денари**
- Региони-зони: Штип, Радовиш, Струмица, Валандово;

2. **Регионални-финални (меѓузонски) натпревари ------------------------------------------- -------------------------------------------- 24.600 денари**
- Струмички, Велешки, Кочански и Кумановски регион;

3. **Учество на државни првенства-основни и средни училишта -------------------------- -------------------------------------------- 18.000 денари**
4. **Учество на Олимпијада за средни училишта во Скопје -------------------------------- -------------------------------------------- 18.000 денари**
5. **Награди (пехари, дипломи) за училиштата и наставниците ---------------------------- -------------------------------------------- 58.000 денари**

6. **Административно-технички трошкови за работа на сојузот ---------------------------- -------------------------------------------- 10.000 денари**
7. **Спортски реквизити-основни средства --------------- 25.000 денари**
8. **Организирање на општински натпревари во две дисциплини за основни и средни училишта во октомври и ноември -------------------------------------------------------------- ---------------------- 22.000 денари**

Општински сојуз
за училишен спорт-Штип
Претседател

Павле Тодоров, с. р.

157.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип" број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА
УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА
ЦЕНТАРОТ ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН
ЗА 2009 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за работењето на Центарот за развој на Источен плански регион за 2009 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип".

Број 08-1998/2
17 април 2010 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

д-р Зоран Алексов, с. р.

158.

Врз основа на член 49 став 1 и член 21 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип" број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 14 април 2010 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО
НА ЦЕНТАРОТ ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН

ЗА 2009 ГОДИНА

I

Се усвојува Извештајот за работењето на Центарот за развој на Источен плански регион за 2009 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавува-њето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-1998/1 — Совет на Општина Штип
14 април 2010 година — Претседател
Ш т и п — Сузана Николовска, с. р.

159.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА
НА ОПШТИНСКА УСТАНОВА ЗА КУЛТУРА
ДОМ НА МЛАДИ-ШТИП ВО 2009 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештај за работа на Општинската установа за култура Дом на млади-Штип во 2009 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-1999/2 — Општина Штип
17 април 2010 година — Градоначалник
Ш т и п — д-р Зоран Алексов, с. р.

160.

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа, член 49 став 1 и член 21 став 1 точка 24 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 14 април 2010 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА
НА ОПШТИНСКА УСТАНОВА ЗА КУЛТУРА

ДОМ НА МЛАДИ-ШТИП ВО 2009 ГОДИНА

I

Се усвојува Извештајот за работа на Општинската установа за култура Дом на млади-Штип во 2009 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавува-њето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-1999/1
14 април 2010 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Сузана Николовска, с. р.

161.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА
УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА
НА ПРОГРАМАТА ЗА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ
ЗА 2009 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за јавно осветлување за 2009 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-2000/2
17 април 2010 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

162.

Врз основа на член 49 став 1 и член 21 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 14 април 2010 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА

НА ПРОГРАМАТА ЗА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ
ЗА 2009 ГОДИНА

I

Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за јавно осветлување за 2009 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на донесува-њето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип".

Број 0701-2000/1 Совет на Општина Штип
14 април 2010 година Претседател
Ш т и п Сузана Николовска, с. р.

163.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип" број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА УСВОЈУВАЊЕ
НА ИНФОРМАЦИЈА ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА
НА НАЦИОНАЛНАТА ПЛАТФОРМА ЗА НАМАЛУВАЊЕ
НА РИЗИЦИ ОД НЕСРЕЌИ И КАТАСТРОФИ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ЛОКАЛНО И
РЕГИОНАЛНО НИВО

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Информација за имплемен-тација на Националната платформа за намалување на ризици од несреќи и катастрофи на Република Македонија на локално и регионално ниво.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип".

Број 08-2001/2 Општина Штип
17 април 2010 година Градоначалник
Ш т и п д-р Зоран Алексов, с. р.

164.

Врз основа на член 49 став 1 и член 21 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип" број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 14 април 2010 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈА ЗА
ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА НАЦИОНАЛНАТА ПЛАТФОРМА
ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА РИЗИЦИ ОД НЕСРЕЌИ И КАТАСТРОФИ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ЛОКАЛНО И
РЕГИОНАЛНО НИВО

I

Се усвојува Информацијата за имплементација на Националната платформа за намалување на ризици од несреќи и катастрофи на Република Македонија на локално и регионално ниво, со следните **заклучоци**:

- Советот на Општина Штип ги задолжува одговорните лица за превенција и справување со кризна состојба во општината, да во соработка со претставникот од Регионалниот центар за управување со кризи пристапат со спроведување на платформата во месните и урбаните заедници во општината.
- Советот на Општина Штип му предлага на градоначалникот да одржи конститутивна седница на Локалниот совет на националната платформа.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на донесува-њето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-2001/1 — Совет на Општина Штип
14 април 2010 година — Претседател
Ш т и п — Сузана Николовска, с. р.

165.

Врз основа на член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02), член 36 став 1 алинеја 5 од „Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09) и член 19-а од Законот за дополнување на Законот за јавни претпријатија („Службен весник на РМ“ број 38/96, 06/02, 40/03, 49/06 и 22/07) градоначалникот на Општина Штип донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за распишување на јавен конкурс за избор на директор

1. Се распишува јавен конкурс за избор на директор на Јавно претпри-јатие за комунално-производни и услужни работи „Исар“-Штип.

2. Јавниот конкурс ќе се објави во дневниот печат „Време“ и дневниот печат „Факти“.

3. Решението стапува во сила веднаш по донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 04-1920/1 — Општина Штип
12 април 2010 година — Градоначалник
Ш т и п — д-р Зоран Алексов, с. р.

СОДРЖИНА


| Р.бр. | | страна/број |
|---|---|---|
| 116. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Годишна сметка на СОУ „Коле Нехтенин“ - Штип за 2009 година | 139/4 |
| 117. | Заклучок за усвојување на Годишна сметка на СОУ „Коле Нехтенин“ - Штип за 2009 година | 139/4 |
| 118. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Годишна сметка на СОУ „Димитар Мирасчиев“ - Штип за 2009 година | 140/4 |
| 119. | Заклучок за усвојување на Годишна сметка на СОУ СОУ „Димитар Мирасчиев“ - Штип за 2009 година | 141/4 |
| 120. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Годишна сметка на СОУ Гимназија „Славчо Стојменски“ - Штип за 2009 година | 141/4 |
| 121. | Заклучок за усвојување на Годишна сметка на СОУ Гимназија „Славчо Стојменски““ - Штип за 2009 година | 142/4 |
| 122. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Годишна сметка на СОУ „Јане Сандански“ - Штип за 2009 година | 143/4 |
| 123. | Заклучок за усвојување на Годишна сметка на СОУ „Јане Сандански“ - Штип за 2009 година | 143/4 |
| 124. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Годишна сметка на ООУ „Ванчо Прке“ - Штип за 2009 година | 144/4 |
| 125. | Заклучок за усвојување на Годишна сметка на ООУ „Ванчо Прке“ - Штип за 2009 година | 145/4 |
| 126. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Годишна сметка на ООУ „Тошо Арсов“-Штип за 2009 година | 145/4 |
| 127. | Заклучок за усвојување на Годишна сметка на ООУ „Тошо Арсов“-Штип за 2009 година | 146/4 |
| 128. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Годишна сметка на ООУ „Гоце Делчев“-Штип за 2009 година | 147/4 |
| 129. | Заклучок за усвојување на Годишна сметка на ООУ „Гоце Делчев“ - Штип за 2009 година | 147/4 |
| 130. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Годишна сметка на ООУ „Димтиар Влахов“ - Штип за 2009 година | 148/4 |
| 131. | Заклучок за усвојување на Годишната сметка на ООУ „Димтиар Влахов“ - Штип за 2009 година | 148/4 |
| 132. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Годишна сметка на ЈУДОДГ „Вера Циривири Трена“ - Штип за 2009 година | 149/4 |
| 133. | Заклучок за усвојување на Годишна сметка на ЈУДОДГ „Вера Циривири Трена“ - Штип за 2009 година | 150/4 |
| 134. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Годишна сметка на ОЈУДГ „Астибо“-Штип за 2009 година | 150/4 |
| 135. | Заклучок за усвојување на Годишна сметка на ОЈУДГ „Астибо“-Штип за 2009 година | 151/4 |
| 136. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Годишна сметка на Дом на млади-Штип за 2009 година | 152/4 |

| | | |
|---|---|---|
| 137. | Заклучок за усвојување на Годишна сметка на Дом на млади-Штип за 2009 година | 152/4 |
| 138. | Решение за објавување на Одлука за определување на надоместоци на членовите на Советот на Општина Штип | 153/4 |
| 139. | Одлука за определување на надоместоци на членовите на Советот на Општина Штип | 153/4 |
| 140. | Решение за објавување на Одлука за објавување на Јавен повик за пријавување на проект/програми кои ќе бидат дел од содржината на јубилејното 25. Штипско културно лето 2010 година | 155/4 |
| 141. | Одлука за објавување на Јавен повик за пријавување на проект/програми кои ќе бидат дел од содржината на јубилејното 25. Штипско културно лето 2010 година | 156/4 |
| 142. | Јавен повик за пријавување на проект/програми кои ќе бидат дел од содржината на јубилејното 25. Штипско културно лето 2010 година | 157/4 |
| 143. | Решение за објавување на Одлука за доделување на финансиски средства | 158/4 |
| 144. | Одлука за доделување на финансиски средства | 159/4 |
| 145. | Решение за објавување на Одлука за доделување еднократна парична помош за лекување | 159/4 |
| 146. | Одлука за доделување еднократна парична помош за лекување | 160/4 |
| 147. | Решение за објавување на Решение за именување членови на Координативно тело за организирање на јубилејното 25. Штипско културно лето 2010 година | 161/4 |
| 148. | Решение за именување членови на Координативно тело за организирање на јубилејното 25. Штипско културно лето 2010 година | 161/4 |
| 149. | Решение за објавување на Посебен Правилник на Комисијата за култура за критериумите и постапката за финансирање на проекти од културата | 162/4 |
| 150. | Посебен Правилник на Комисијата за култура за критериумите и постапката за финансирање на проекти од културата | 163/4 |
| 151. | Решение за објавување на Заклучок за прифаќање на Програма за санација за загубите на вода во системот за водоснабдување на град Штип | 166/4 |
| 152. | Заклучок за прифаќање на Програма за санација за загубите на вода во системот за водоснабдување на град Штип | 166/4 |
| 153. | Програма за санација за загубите на вода во системот за водоснабдување на град Штип | 167/4 |
| 154. | Решение за објавување на Заклучок за донесување на Финансиска програма за активностите на Општинскиот сојуз за училишен спорт | 179/4 |
| 155. | Заклучок за донесување на Финансиска програма за активностите на Општинскиот сојуз за училишен спорт | 180/4 |
| 156. | Финансиска програма за активностите на Општинскиот сојуз за училишен спорт | 181/4 |
| 157. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за работењето на Центарот за развој на Источен плански регион за 2009 година | 182/4 |

| | | |
|---|---|---|
| 158. | Заклучок за усвојување на Извештај за работењето на Центарот за развој на Источен плански регион за 2009 година | 183/4 |
| 159. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за работа во 2009 година на општинска установа за култура Дом на млади-Штип | 184/4 |
| 160. | Заклучок за усвојување на Извештај за работа во 2009 година на општинска установа за култура Дом на млади-Штип | 184/4 |
| 161. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за јавно осветлување за 2009 година | 185/4 |
| 162. | Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за јавно осветлување за 2009 година | 186/4 |
| 163. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Информација за имплементација на Националната платформа за намалување на ризици од несреќи и катастрофи на Република Македонија на локално и регионално ниво | 186/4 |
| 164. | Заклучок за усвојување на Информација за имплементација на Националната платформа за намалување на ризици од несреќи и катастрофи на Република Македонија на локално и регионално ниво | 187/4 |
| 165. | Решение за распишување на јавен конкурс за избор на директор на ЈП „Исар“-Штип | 188/4 |